# ЗАКОН ЗА УСТАНОВИТЕ

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/05, 120/05 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22)

## Глава прва

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршење на јавните услуги од јавен интерес (во натамошниот текст: јавни услуги), установите и други видови на облици и дејности во кои се вршат овие јавни услуги, условите и постапката за нивното основање и статусните белези, давањето и одземањето на дозвола за вршење на дејноста, управувањето, надзорот, статусните измени и престанок, развојот, средства за работа (финансирање), вложувањето на средства, имотот, статутот и другите акти, организационите единици и формите на соработка и здружување, сопственичката трансформација, како и други прашања од значење за вршење на јавните услуги.

Одредбите на овој закон имаат супсидиерна примена и се применуваат доколку со друг закон поинаку не е уредено.

### Поимник

### Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Акти на установата се акти со кои на општ начин надлежните органи на установата уредуваат одредени прашања;

2. Дозвола за вршење на дејност е доделување статус на установа и потврдување дека основачот ги исполнил условите за вршење на дејноста;

3. Договор за заедничко основање на установа е договор склучен меѓу два или повеќе сооснивачи на установата со кој се уредуваат меѓусебните односи на сооснивачите;

4. Договор за приватизација е договор со кој е извршена приватизација на субјект на приватизација или на простор, опрема и други ствари;

5. Интересно, односно функционално поврзување е поврзување на установите од иста или сродна дејност заради заедничко вршење на основната дејност или заради остварување порационално и економично вршење на основната дејност;

6. Јавна установа е установа основана со средства во државна сопственост како државна (национална) установа или установа основана од општината или градот Скопје со средства во сопственост на општината, односно градот Скопје како општинска јавна установа, односно јавна установа на градот Скопје;

7. Јавна услуга е дејност која ја вршат установите во областа на образованието, науката, културата, здравството, социјалната заштита, детската заштита, заштитата на лица со интелектуална или телесна попреченост, како и во други дејности кои со закон се утврдени како јавна услуга;

8. Корисник на јавна услуга е лице кое користи јавна услуга од образованието, науката, културата, здравството и социјалната заштита, детската заштита, заштитата на лица со интелектуална или телесна попреченост, како и други дејности кои со закон се утврдени како јавна услуга;

9. Квалитетна финансиска и друга гаранција е банкарска или друга финансиска гаранција, залог, хипотека или друга гаранција која е соодветна да ја надомести штетата која би била предизвикана на корисниците на услугите доколку установата престане предвремено со работа;

10. Мешовита установа е установа основана со средства во државна сопственост, односно со средства во сопственост на општината, односно градот Скопје и со средства во сопственост на домашно и странско правно и физичко лице или установа основана со средства во државна сопственост или со средства во сопственост на општината, односно градот Скопје во која се вложени средства во сопственост на домашно и странско правно и физичко лице;

11. Нормативи и стандарди за основање на установа се посебно определени услови што се однесуваат на простор, кадри определени според степенот на квалификации и профили, програма, информационо-софтверски стандарди и други критериуми квантифицирани според бројот на корисниците на јавната услуга или други критериуми;

12. Основање на установа е постапка во која се донесува одлука за основање на установа;

13. Основач е Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, општина, односно градот Скопје, како и домашно и странско правно и физичко лице кое основа установа;

14. Положба на владеачка установа е положба на установата која има одредени функции на координација, контрола и вршење на други работи и овластувања во однос на помали установи;

15. Решение за почеток со работа е акт со кој се утврдува дека основачот на установата ќе започне со преземање на активности (работи) за да ги исполни условите за вршење на дејноста;

16. Сооснович на установа е домашно и странско правно и физичко лице кое е сооснович на установа во основање, сооснович на веќе основана установа или стекнал удел во основана установа во постапка на сопственичка трансформација;

17. Субјект на приватизација е правно лице за кое согласно со закон или одлука е утврдено дека врши работи во дејности од посебен јавен интерес, односно јавна установа која согласно со овој закон ќе биде приватизирана;

18. Предмет на приватизација се просторот, опремата и другите средства кои се приватизираат, освен подароците, донациите, легатите, завештанијата и другиот имот и средства кои се под посебен правен или договорен режим;

19. Кофинансирање на дејноста е износ на парични средства кои корисникот на јавна услуга има обврска од сопствени средства да плати на установата за да ги надомести трошоците на јавната услуга за кои установата не е финансирана од Буџетот на Република Македонија, фонд или од друг извор;

20. Удел во установа е сосопственичко учество на основач во установа основана од два и повеќе сооснивачи;

21. Установа е секоја форма на организирање заради вршење на јавна услуга како дејност која не е подведена под трговските дејности утврдени со закон (нестопанска дејност) и која може со закон да биде утврдена како дејност од јавен интерес;

22. Приватна установа е установа основана со средства во сопственост на домашно и странско правно и физичко лице;

23. Установа во основање е статусот кој установата го има по добивањето на решението за почеток со работа за периодот додека ги врши подготвителните работи за основање и конституирање и која има ограничен правен субјективитет и

24. Управен договор е двостран правен акт, од јавно-правен карактер, кој се склучува меѓу надлежното министерство и основачот на установата, односно физичкото лице кое дејноста ја врши како професионална дејност.

## Глава втора

## УСТАНОВА, ВИДОВИ НА УСТАНОВИ, ДЕЈНОСТ И СТАТУСНИ БЕЛЕЗИ НА УСТАНОВАТА

### Поим на установа

**Член 3**

Установа е форма на организирање заради вршење на јавна услуга како дејност која не е подведена под трговска дејност утврдена со закон (нестопанска дејност) и која може со закон да биде утврдена како дејност од јавен интерес.

**Видови на установи**

**Член 4**

Установата може да биде јавна, приватна и мешовита.

Јавна установа може да основа Република Македонија со средства во државна сопственост како државна (национална) установа, општина или градот Скопје со средства во сопственост на општината, односно градот Скопје како општинска јавна установа, односно јавна установа на градот Скопје (во натамошниот текст: јавна установа).

Приватна установа (во натамошниот текст: приватна установа) може да основа домашно и странско правно и физичко лице со средства во приватна сопственост.

Мешовита установа може да основа Република Македонија со средства во државна сопственост, општина или градот Скопје со средства во сопственост на општината, односно градот Скопје и домашно и странско правно и физичко лице со средства во приватна сопственост. Соосновачите на мешовита установа стекнуваат основачки удел во установата (во натамошниот текст: удел во установата).

**Член 5**

Со законот со кој се уредува вршење на дејност или одделни работи од дејност (во натамошниот текст: дејност) на јавна услуга, според видот и карактерот на дејноста се утврдува видот на установата.

## Дејност на установа

### Член 6

Установа се основа заради вршење на дејност во областа на образованието, науката, културата, здравството, социјалната заштита, детската заштита, заштита на лица со интелектуална или телесна попреченост, како и во други дејности кои со закон се утврдени како јавна услуга.

Установата може да врши една или повеќе дејности на јавна услуга утврдени со закон. Дејностите може да ги врши домашно и странско правно и физичко лице со средства во приватна сопственост ако со закон е дозволено вршење на дејноста.

Дејностите од ставот 1 на овој член може да ги обавува и физичко лице кое дејноста ја врши како професионална дејност на начин и под услови утврдени со овој и друг закон.

Дејностите од ставовите 2 и 3 на овој член можат да се вршат само врз основа на дозвола за вршење на дејност.

## Јавни овластувања

### Член 7

На установата може со закон да и се доверат јавни овластувања.

Кога на установата и се доверени јавни овластувања на лицата вработени во установата кои ги вршат овие работи се применуваат одредбите од Законот за државните службеници.

## Својство на правно лице

### Член 8

Установата има својство на правно лице со права и обврски утврдени со закон.

Установата може да склучува договори и да врши други правни работи само во рамките на дејноста која е запишана во регистарот којшто се води во Централниот регистар на Република Македонија.

**Назив на установа**

**Член 9**

Називот на установата ја содржи ознаката установа и други ознаки кои упатуваат на видот и карактерот на дејноста и нејзиното седиште. Составен дел на називот може да биде цртеж, друг знак или графички облик.

Називот на јавната установа (национална) го содржи грбот и името на Република Македонија.

Називот на јавна установа на општината или на градот Скопје го содржи името на Република Македонија и името на општината, односно градот Скопје.

Приватна установа може во својот назив да ги користи изразите кои означуваат име на историски места, државата или нејзините кратенки, како додатоци во фирмата само ако е дадено одобрување од Министерството за правда.

Називот на установа може да содржи име на историска или друга значајна покојна личност. За внесување на името на таа личност во називот на установата е потребна согласност од нејзините законски наследници до втор наследен ред, а ако нема наследници до втор наследен ред тогаш одобрување дава Министерството за култура.

Установата може да има и скратен назив.

Називот може да се употребува и како трговска марка доколку со закон е определено.

Установата може да го измени називот на установата само во согласност со основачот.

**Член 10**

Во своето работење установата може да го користи само називот кој е запишан во регистарот.

Во регистарот не можат да се запишат под ист назив во иста општина две или повеќе установи кои вршат иста дејност.

**Член 11**

Ако две или повеќе установи вршат иста дејност и имаат седиште на подрачјето на иста општина и пријават упис во регистарот со ист назив, право на упис на тој назив има установата која прва го пријавила називот за упис во регистарот.

Установата има право пред надлежниот суд да бара заштита на називот против друга установа од истата општина, која е запишана во регистарот под ист или сличен назив под услови и постапка според кои се остварува заштита на фирмата на трговско друштво.

## Седиште на установа

**Член 12**

Седиштето на установата се наоѓа во местото во кое установата ја врши дејноста.

Ако установата врши дејност во повеќе места, седиштето на установата е во местото во кое се наоѓа седиштето на работоводниот орган на установата.

Установата може да го измени седиштето само во согласност со основачот.

### Печат и други обележја

### Член 13

Установата има печат.

Печатот го содржи називот и седиштето на установата.

Во средината на печатот на јавната установа е содржан и грбот на Република Македонија.

Формата и содржината на печатот, изгледот на знаците, другите обележја, како и начинот на нивното користење, се утврдуваат со статутот на установата.

## Глава трета

## ОСНОВАЊЕ, АКТИ, СТАТУСНИ ИЗМЕНИ И ПРЕСТАНОК НА УСТАНОВАТА

### Субјекти кои основаат установа

### Член 14

Јавна установа основа Собранието на Република Македонија со закон, односно Владата на Република Македонија со одлука.

Владата на Република Македонија може со одлука да биде и соосновач на мешовита установа.

Советот на општината, односно Советот на градот Скопје може со одлука да основа јавна установа на општина, односно на градот Скопје, како и да биде сооснивач на мешовита установа, под услови и начин утврден со овој и друг закон.

Приватна установа може да основа домашно и странско правно и физичко лице ако ги исполнува условите утврдени со овој и друг закон и ако добие дозвола за вршење на дејност од надлежното министерство.

## Услови за основање на установа

### Член 15

Установа може да се основа ако се исполнети услови за основање на установа утврдени со овој или друг закон со кој се уредува вршењето на дејноста.

### Член 16

Установа може да се основа, ако:

1) со елаборатот за основање на установата е утврдено дека основачот обезбедил, или дал гаранција дека ќе обезбеди: потребен број стручни кадри кои ги исполнуваат условите утврдени за вршење на дејноста и кои ќе засноваат работен однос; објекти и опрема соодветни за вршење на дејноста; заштита при работа на вработените; заштита на корисниците на јавната услуга и други услови за вршење на дејноста, утврдени со закон и

2) основачот со финансиски план обезбедил или дал гаранција дека ќе обезбеди одржливо ниво на финансирање на дејноста на установата.

Условите од ставот 1 на овој член за основање на установа и вршење на дејност поблиску се утврдуваат во нормативи и стандарди за основање на установа и вршење на дејност (во натамошниот текст: нормативи и стандарди).

Нормативите и стандардите од ставот 2 на овој член ги донесува надлежниот министер на предлог на професинална комора или друг орган или организација утврдени со закон.

**Член 17**

Основачот на приватна установа, покрај исполнување на условите за основање на установа утврдени со овој и друг закон, како и со нормативите и стадардите од членот 16 на овој закон има обврска да приложи квалитетна финансиска и друга гаранција дека ќе биде во состојба континуирано и без прекин да ја врши јавната услуга и да ја надомести штетата која може да им биде предизвикана на корисниците на јавните услуги, ако установата престане со работа.

**Постапка за основање**

**Член 18**

Постапката за основање на установа започнува со акт за основање на установата. Актот за основање на установата го донесува основачот.

**Акт за основање**

**Член 19**

Актот за основање на установа ги содржи особено:

1) називот на основачот;

2) името и седиштето на установата;

3) дејноста на установата;

4) средствата кои основачот ги обезбедил за основање и почеток со работа на установата и начинот на обезбедувањето на средствата;

5) трајните извори, начинот и условите за стекнување средства за работа на установата;

6) правата и обврските на основачот во поглед на вршењето на дејноста, односно вршењето на работите на установата;

7) меѓусебните права и обврските на установата и основачот;

8) времето за кое установата се основа;

9) правата, должностите и одговорностите на установата во правниот промет;

10) одговорноста на основачот за долговите на установата;

11) лицето кое ќе ги врши работите на претставување и застапување на установата и неговите овластувања во правниот промет;

12) организацијата на установата;

13) именувањето на членовите на органот на управување;

14) рокот за донесување на статутот и за именување на директор;

15) начинот на располагање со вишокот на приходите над расходите и начинот на покривање на кусокот средства за работа на установата;

16) лицето кое ќе ги врши работите до конституирањето на установата и

17) одредбите за други прашања.

Во актот за основање, основачот именува и лице вршител на должноста директор кое е овластено според насоките на основачот да ги извршува подготовките за почеток на работата на установата.

Ако установата ја основаат двајца или повеќе основачи тие склучуваат договор за заедничко основање на установа со кој ги уредуваат меѓусебните односи како соосновачи на установата, а особено нивните права и обврски, како и правото на располагање со удеите во установата.

Договорот од ставот 3 на овој член е во согласност со одредбите од Законот за облигационите односи што се однесуваат на договорот за ортаклак.

**Член 20**

Кон актот за основање на установа основачот доставува:

1) елаборат за основање на установата кој содржи податоци за дејноста која ќе ја врши установата според условите за вршење на дејност од јавен интерес;

2) документ за обезбедување на простории кои се соодветни за вршење на дејноста утврдени во нормативните и стандардите од членот 16 на овој закон;

3) список на опрема и средства за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење на дејноста;

4) листа со податоци на потребниот број стручни лица кои ќе ја вршат дејноста и ќе засноваат работен однос;

5) доказ за обезбедена квалитетна финансиска и друга гаранција во случај установата да престане со работа пред истекот на времето за кое е основана;

6) договор за заедничко основање, ако установата ја основаат двајца или повеќе сооснивачи и

7) други документи и докази утврдени со закон и со нормативите и стандардите.

Кога јавната установа се основа со закон кон предлогот за донесување на закон предлагачот доставува елаборат за потребата од вршење на јавните услуги и изворот и обемот на средствата за финансирање на дејноста.

**Член 21**

Актот и елаборатот за основање на установата со приложената документација, основачот ги доставува до надлежното министерство за добивање дозвола, освен кога основањето се врши со закон или со одлука на Владата на Република Македонија.

**Стекнување на право за основање преку отворен повик**

**Член 22**

Кога со закон или друг акт донесен врз основа на закон е планиран и утврден бројот на приватните установи, изборот на основачот се врши по пат на отворен повик.

Отворениот повик од ставот 1 на овој член, се објавува во Службен весник на Република Македонија и во дневниот печат.

Во отворениот повик се утврдува неговото времетраење кое не може да биде покусо од 15 дена, периодот во кој се врши изборот на основачот, местото каде што ќе се доставуваат понудите и местото каде што ќе се врши изборот на основачот, како и рокот во кој се известуваат учесниците за извршениот избор.

Постапката за спроведување на отворениот повик поблиску се уредува со закон.

**Член 23**

За изборот на основач на установа од членот 22 на овој закон одлучува органот определен со закон.

Во постапката при изборот на основачот од ставот 1 на овој член соодветно се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки.

**Акт за почеток со работа**

**Член 24**

Постапката за основање на установа започнува со поднесување на барање согласно со ставот (6) на овој член до надлежниот орган.

Кон барањето од ставот (1) на овој член се приложува акт за основање на установата и елаборат.

Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува на два идентични обрасци со прилог на докази.

Надлежниот орган во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член донесува решение за почеток со работа на установата, а доколку со закон поинаку е утврдено надлежниот орган може да го продолжи овој рок за најмногу уште 30 дена, за што го известува основачот.

Доколку надлежниот орган не донесе решение за почеток со работа на установата, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на функционерот кој раководи со надлежниот орган и функционерот да донесе решение. Доколку функционерот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на надлежниот орган.

Формата и содржината на барањата од ставовите (1) и (5) на овој член ги пропишува функционерот кој раководи со надлежниот орган.

Кон барањето од ставот (5) на овој член подносителот на барањето поднесува и копија од барањето од ставот (1) на овој член.

Функционерот кој раководи со надлежниот орган е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (5) на овој член до писарницата на функционерот кој раководи со органот, да донесе решение со кое барањето од ставот (5) на овој член е уважено или одбиено. Доколку функционерот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на надлежниот орган.

Доколку функционерот кој раководи со органот не донесе решение во рокот од ставот (8) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (9) на овој член да изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор го известува подносителот на барањето за преземените мерки.

Инспекторот од државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува функционерот кој раководи со органот во рок од десет дена

да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

Доколку функционерот кој раководи со органот не одлучи во рокот од ставот (11) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој функционерот кој раководи со органот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку функционерот кој раководи со органот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (12) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (14) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (10) и (11) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (12) и (13) од овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор ќе го извести подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот, и во рок од три работни дена ќе го извести подносителот на барањето за преземените мерки.

Во случајот од ставот (16) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат, веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случај од ставот (17) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (15) од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку функционерот кој раководи со органот не одлучи во рокот од ставот (13) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Постапката пред Управниот суд е итна.

Против решението со кое е одбиено барањето за основање установа, основачот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Управен договор**

**Член 25**

Надлежното министерство и основачот на установата, односно физичкото лице кое дејноста ја врши како професионална дејност (во натамошниот текст: корисник на дозвола), склучуваат управен договор во кој поблиску се утврдува начинот на вршење на дејноста од јавен интерес и нивните меѓусебни права и обврски.

Со управниот договор особено се уредува:

1) правата кои ги има корисникот на дозволата;

2) рокот за кој е склучен управниот договор и рокот за кој се издава дозволата за вршење на дејноста од членот 28 став 2 на овој закон;

3) условите под кои се обезбедува континуитет во вршењето на јавната услуга (континуирано вршење на јавните услуги);

4) условите за квалитетно вршење на јавната услуга;

5) условите за извршување на сите обврски од договорот без оглед на можното настапување и влијание на кои било непредвидливи околности и ситуации;

6) видот на корисниците и подрачјата на кои се врши дејноста;

7) условите под кои надлежното министерство може еднострано да ги измени условите по склучувањето на договорот поради остварување и заштита на јавниот интерес;

8) рокот во кој основачот на установата има обврска да ја основа и конституира установата;

9) причини за раскинување на управниот договор и

10) други посебни услови и обврски кои корисникот на дозволата е должен да ги прифати заради вршењето на јавната услуга.

Договорот од ставот 1 на овој член кој не е склучен во писмена форма и во рок од 60 дена од денот на правосилноста на решението од членот 24 на овој закон нема правно дејство.

Споровите што настануваат од одредбите на управниот договор ги решава надлежниот суд согласно со Законот за управните спорови.

**Член 26**

Управниот договор престанува да важи поради:

1) истекот на рокот за кој бил склучен договорот, односно истекот на рокот на дозволата од членот 28 на овој закон;

2) одземање на дозволата од членот 28 на овој закон и

3) раскинување на управниот договор.

Причините за раскинување на управниот договор се утврдуваат со управниот договор.

## Установа во основање

### Член 27

По добивање на решението од членот 24 и склучување на управниот договор од членот 25 на овој закон, за периодот во кој се вршат подготвителните работи за основање и конституирање на установата, установата има статус на установа во основање и може да изврши привремен упис во регистарот.

Установата во основање од ставот 1 на овој член има ограничен правен субјективитет и може да презема права и обврски во правниот промет што се однесуваат само на основање на установата.

## Дозвола за вршење дејност

### Член 28

Основачот по исполнување на условите утврдени во решението од членот 24 и управниот договор од членот 25 на овој закон поднесува барање до надлежното министерство, за извршување увид за исполнетоста на условите за почеток со работа на установата.

Ако надлежното министерство утврди дека се исполнети условите согласно со ставот 1 на овој член, издава дозвола за вршење на дејноста на установата во вид на решение.

Дозвола за вршење на дејноста се издава според постапка утврдена со овој и друг закон.

Против решението со кое се утврдува дека не се исполнети условите за вршење на дејноста, основачот може да поднесе жалба до надлежната второстепена комисија на Владата на Република Македонија.

Против решението на Второстепената комисија на Владата на Република Македонија може да се поднесе тужба до надлежниот суд.

Постапката пред надлежниот суд е итна.

## Регистар на установи

### Член 29

По правосилноста на решението од членот 28 на овој закон, основачот поднесува барање за запишување на установата во соодветен регистар на установи заради евиденција, ако е установен со закон.

Регистрите од ставот 1 на овој член ги водат надлежните министерства за територијата на Република Македонија, под услови утврдени со закон и правилник за регистрација на установите, кој го донесува надлежниот министер, а со кој се определува содржината, формата и начинот на водењето на соодветните регистри.

### Член 30

По правосилноста на решението од членот 28 на овој закон се врши конституирање на установата.

Конституирањето на установата се состои од избор и конституирање на органот на управување и донесување на статут.

### Член 31

По конституирањето на установата согласно со членот 30 на овој закон се врши упис на установата во регистарот.

Својството на правно лице установата го стекнува по објавувањето на запишувањето во регистарот на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија.

До стекнувањето на својството на правно лице согласно со ставот 2 на овој член за обврските на установата одговора основачот.

По објавувањето на запишувањето во регистарот, установата може да отпочне со работа.

**Акти на установата**

**Член 32**

Установата има статут.

Со статутот особено се уредува: организацијата и начинот на вршење на дејноста, називот, седиштето, управувањето, работоводењето, контролата, правата и обврските на корисниците на јавната услуга и други прашања од значење за извршување на дејноста и работењето на установата во согласност со закон и актот за основање.

Донесувањето на статутот на приватната установа, како и неговото изменување, го врши основачот.

Донесувањето на статутот на јавната установа, како и неговото изменување, го врши органот на управување на јавната установа во согласност со закон.

На статутот на јавната установа согласност дава основачот или орган определен од основачот.

**Член 33**

Установата донесува и други акти со кои се уредуваат прашања од значење за работата на установата во согласност со закон и статутот.

Актите од ставот 1 на овој член во рамките на своите овластувања и надлежности ги донесуваат органот на управување, директорот и стручниот орган на установата.

Статутот и другите акти на установата се објавуваат во службени или други јавни гласила, како и на друг начин со кој се овозможува нивната достапност.

**Статусни измени**

**Член 34**

Основачот може да одлучи установата да се припои кон друга установа, две или повеќе установи да се спојат во една установа или установа да се подели на две или повеќе установи.

Основачот може да одлучи дел од установата (организациона единица) да се припои кон друга установа или да се организира како самостојна установа.

Начинот на донесувањето на одлуката од ставовите 1 и 2 на овој член се уредува со закон и статутот на установата.

Статусните измени од ставовите 1 и 2 на овој член се запишуваат во регистрите од членовите 29 и 31 на овој закон.

**Член 35**

Установа престанува, ако:

1) со правосилна одлука се утврди ништавност на уписот на установата во регистарот;

2) на установата и е изречена мерка забрана за вршење на дејност, ако престане да ги исполнува условите за вршење на дејноста;

3) на установата и се одземе дозволата за вршење на дејноста;

4) основачот донесе одлука за престанување на установата ако престанала потребата, односно престанале условите за вршење на дејноста за која установата била основана;

5) основачот донесе одлука за престанување на установата, ако установата не продолжи да работи со обезбедување на сопствени извори на финансиски средства;

6) се припои или спои со друга установа или подели на две или повеќе установи;

7) се преобрази во трговско друштво и

8) се исполнат некои од условите за престанок на установата утврдени со закон.

Приватна установа, покрај во случаите од ставот 1 на овој член, може да престане и согласно со Законот за стечај.

Во случаите од ставот 1 точки 1, 2, 3, 4, 5, 7 и 8 на овој член се спроведува постапка за ликвидација во согласност со Законот за трговските друштва, а во случаите од ставот 2 на овој член се спроведува постапка за стечај во согласност со Законот за стечај.

**Член 36**

Кога основачот на јавната установа ќе утврди дека согласно со членот 35 став 1 точки 4 и 5 на овој закон престанала потребата од јавната установа, а не се изврши сопственичка трансформација на установата на начин и во согласност со овој и друг закон, основачот донесува одлука за престанок на установата.

По донесувањето на актот од ставот 1 на овој член и по спроведената постапка за ликвидација надлежното министерство донесува решение за бришење на установата од регистарот од членот 29 на овој закон и поднесува барање за нејзино бришење од регистарот од членот 31 на овој закон.

**Член 37**

Условите под кои јавна установа може да продолжи да работи како приватна установа се уредуваат со овој и друг закон, како и со одлуката за нејзиниот престанок како јавна установа.

**Член 38**

Дозволата од членот 28 став 2 на овој закон може да се одземе, ако:

1) престане еден од условите за вршење на дејноста за кои е дадена дозволата;

2) установата не работи според условите утврдени во управниот договор;

3) установата не започне со вршење на дејноста;

4) физичкото лице кое дејноста ја врши како професионална дејност престане да ги исполнува условите за вршење на дејноста и

5) настанат и други услови утврдени со закон.

**Член 39**

Надлежното министерство, по службена должност или иницијатива на корисникот на услугата, може да покрене постапка за одземање на дозволата за вршење на дејноста.

Ако надлежното министерство утврди недостатоци во работењето на установата, составува записник за утврдената состојба и предлага мерки и рокови со кои ја задолжува установата да ги отстрани недостатоците.

Ако во рокот од ставот 2 на овој член кој не може да биде пократок од 30 и подолг од 90 дена од денот на добивањето на записникот установата не ги отстрани недостатоците, надлежниот министер донесува решение за одземање на дозволата за вршење на дејноста.

Против решението од ставот 3 на овој член може да се поднесе жалба до надлежната второстепена комисија на Владата на Република Македонија.

Против решението од ставот 4 на овој член може да се поднесе тужба до надлежниот суд.

По правосилноста на решението од ставот 3 на овој член, надлежното министерство ја брише установата од регистарот од членот 29 на овој закон и поднесува барање за нејзино бришење од регистарот од членот 31 на овој закон.

## Глава четврта

## ОРГАНИ НА УСТАНОВАТА

### Член 40

Одлучувањето и управувањето со установите се врши врз принципите на стручност и компетентност, во согласност со закон.

### Видови на органи

### Член 41

Органи на установата се: управен одбор, односно нему по положба и функции соодветен орган на управување (во натамошниот текст: орган на управување), директор (еден или повеќе директори, а во натамошниот текст: директор), орган за внатрешна контрола (во натамошниот текст: орган за надзор) и други органи утврдени со закон и статутот на установата.

### Орган на управување

### Член 42

Ако со друг закон поинаку не е определено, органот на управување на установата го сочинуваат претставници на основачот и најмалку една третина од членовите - претставници на стручниот орган доколку со закон е утврдено да се формира таков орган во установата.

Органот на управување на установата има најмалку три, а најмногу 15 члена.

Органот на управување на јавната установа има најмалку три, а најмногу пет члена именувани од страна на основачот.

За член на органот на управување на јавна установа може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование во соодветната област и

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Покрај општите услови од ставот 4 на овој член, членовите на органот на управување во јавната установа избрани од основачот треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:

- најмалку еден член на органот на управување треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавната установа, согласно со Националната класификација на дејностите, публикувана од страна на Државниот завод за статистика,

- најмалку еден член на органот на управување треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиското работење и

- најмалку еден член на органот на управување треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи.

Бројот, составот, начинот на избор на членовите, траењето на мандатот, надлежноста и начинот на одлучувањето на органот на управување во јавната установа поблиску се уредуваат со закон, одлука и статутот на установата.

**Член 42-а**

За именување на членови на органот на управување во јавната установа основачот распишува јавен повик за пријавување на заинтересирани лица, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови. Јавниот повик се објавува на веб-страницата на основачот и на веб-страницата на јавната установа за која е распишан јавниот повик.

Јавниот повик од ставот 1 на овој член, особено содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети од член 42 од овој закон.

На јавниот повик од ставот 1 на овој член, може да се пријават сите заинтересирани кандидати, а со пријавата доставуваат и документација со која се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик.

Содржината на јавниот повик од став 1 на овој член, начинот на поднесување на пријавата, формата и содржината на пријавата, начинот на бодување и селекција на кандидатите, како и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување членови на органот на управување во јавната установа се уредуваат со посебен закон, односно одлука на основачот на јавната установа и со статутот на јавната установа.

Доколку основачот на јавната установа го распушти органот на управување во јавната установа, согласно со членот 58 од овој закон, до именување на нови членови согласно со постапката за именување од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член, може да назначи вршители на должност членови на органот на управување во јавната установа кои ги исполнуваат законските услови за членови.

Вршителите на должност членови на орган на управување во јавната установа ја вршат функцијата се до именувањето нови членови, но не подолго од шест месеци од денот на нивното назначување.

**Член 42-б**

Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови на орган на управување во јавната установа имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

**Член 43**

Член на органот на управување и директор на јавна установа не може да има лично, преку трето лице или по која било основа, интереси во установата кои можат да имаат какво било влијание на неговата независност и непристрасност во раководењето, односно управувањето со установата. Секој член на органот на управување, односно директор на јавната установа, се должни да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес кај членовите на органот на управување, односно кај директорот.

Неспојливи се функцијата претседател и член на орган на управување, односно директор на јавна установа со функциите претседател и членови на Владата на Република Македонија, како и со функциите градоначалник на општина, односно на градот Скопје.

Членовите на органот на управување на јавната установа имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на органот на управување на јавната установа.

Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на органот на управување на јавната установа поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во јавната установа исплатена во претходната година.

Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на органот на управување во јавната установа со одлука го утврдува основачот на јавната установа.

**Член 44**

Органот на управување управува со установата, го донесува статутот на јавната установа, донесува и други акти на установата и го следи нивното извршување; го именува и разрешува директорот ако со закон поинаку не е определено; го утврдува финансискиот план и донесува завршна сметка; му предлага на основачот измена или проширување на дејноста и врши и други работи утврдени со закон, актот за основање и статутот на установата.

**Директор**

**Член 45**

Основачот може со актот за основање на установата да предвиди директор на установата (еден или повеќе) да се именува од членовите на органот на управување.

Основачот може со актот за основање на установата да предвиди да не се формира орган на управување и управувањето да го врши директор за чиј избор се распишува отворен повик согласно со членот 46 од овој закон.

Основачот може со актот за основање на установата да предвиди директор на установата да се именува врз основа на јавен конкурс.

Основачот со директорот од ставот 2 на овој член склучува менаџерски договор, кој има карактер на управен договор.

**Член 46**

Ако со актот за основање на установата е предвидено да не се формира орган на управување, а управувањето да го врши директор, основачот распишува отворен повик за избор на директор. Во отворениот повик се определува времетраењето на отворениот повик кое не може да биде покусо од 30 дена.

Како кандидат за директор може да се јави домашно и странско физичко лице кое ќе понуди најквалитетна програма за работа на установата и ќе даде соодветна квалитетна финансиска или друга гаранција.

Изборот на кандидатот за директор го врши основачот во рок од 30 дена од последниот ден определен за пријавување.

**Член 47**

Со менаџерскиот договор од членот 45 став 4 на овој закон особено се уредува:

1) правата и обврските на основачот и директорот;

2) времето за кое се склучува менаџерскиот договор;

3) условите кои треба да ги исполнува директорот;

4) прашањата за кои основачот ќе одлучува како орган на управување;

5) надоместокот на директорот за вршењето на менаџерската функција;

6) обврските на директорот за обезбедување континуитет во вршењето на јавната услуга (континуирано вршење на јавните услуги);

7) условите за извршување на сите обврски од договорот без оглед на можното настапување и влијание на кои било непредвидливи околности и ситуации;

8) видот на финансиската или друга гаранција;

9) условите под кои основачот може еднострано да ги измени договорените услови по склучувањето на договорот поради остварување и заштита на јавниот интерес;

10) условите под кои основачот може еднострано да го раскине договорот пред истекот на рокот за кој е склучен договорот и

11) други посебни услови и обврски кои директорот е должен да ги прифати заради управувањето и вршењето на дејноста на установата.

Договорот од ставот 1 на овој член кој не е склучен во писмена форма, нема правно дејство.

Споровите што настануваат од одредбите на менаџерскиот договор ги решава надлежниот суд.

**Член 48**

Директорот од членот 45 став 3 на овој закон го именува и разрешува органот на управување, ако со закон поинаку не е определено.

За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите пропишани со закон и статутот на установата.

Мандатот на директорот трае четири години, ако со закон поинаку не е определено. Исто лице може повторно да биде именувано за директор.

**Член 49**

Директорот од членот 45 став 3 на овој закон се именува врз основа на јавен конкурс на начин и по постапка утврдени со закон.

**Член 50**

Ако на конкурсот не се јави никој или ако органот на управување не именува директор од предложените кандидати, се распишува нов конкурс.

Во случаите од ставот 1 на овој член органот на управување на установата без конкурс ќе именува вршител на должноста - директор.

Вршителот на должноста ги има сите права и должности на директор.

Вршителот на должноста може да ја врши должноста до именување на директор, а најдолго шест месеца од денот на неговото именување.

Ако не биде именуван директор во рокот од ставот 4 на овој член, се именува нов вршителот на должноста најдолго за време од шест месеца.

**Член 51**

Директорот од членот 45 став 3 на овој закон може да биде разрешен пред истекот на времето за кое бил именуван:

1) на негово барање;

2) ако настане некоја од причините, поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос по сила на закон;

3) ако не работи и постапува според закон, статутот и актите на установата или неоправдано не ги спроведува одлуките на органот на управување и на стручниот орган на установата или постапува во спротивност со нив;

4) ако со својата несовесна и неправилна работа и предизвика на установата значителна штета или ако ги занемарува или не ги извршува своите обврски и поради тоа ќе настанат или би можеле да настанат потешки нарушувања во извршувањето на дејноста на установата и

5) ако го попречува или на друг начин го оневозможува остварувањето на правата и обврските на корисниците на јавни услуги.

Органот на управување пред донесувањето на одлуката за разрешување е должен да го запознае директорот за причините за разрешувањето и да му даде можност да се изјасни по нив.

Разрешениот директор има право на жалба во рок од седум дена од денот на разрешувањето до органот на управување на установата. Жалбата не ја запира од извршување одлуката за разрешување. Одлуката се применува од денот на нејзиното донесување и веднаш се запишува во регистарот.

**Член 52**

Директорот го организира и раководи процесот на трудот, го води работењето на установата, самостојно донесува одлуки во рамките на своите надлежности, ја претставува и застапува установата спрема трети лица и е одговорен за законитоста на работата на установата.

Директорот ги предлага основите на програмата за работа и планот за развој и презема мерки за нивно спроведување, ги извршува одлуките на органот на управување, ја предлага организацијата на установата, ги избира и разрешува раководните работници, одлучува за распоредување на работниците на определени работи и задачи, поднесува извештај за резултатите од работењето на установата и врши други работи утврдени со закон и статутот на установата.

**Член 53**

Установата може да има стручен орган кога тоа со закон е пропишано.

Составот, начинот на формирањето и надлежноста на стручниот орган се утврдуваат со статутот на установата во согласност со закон.

**Орган за внатрешна контрола**

**Член 54**

За вршење контрола на материјално - финансиското работење на установа се формира орган за надзор.

Органот за надзор на установата има најмалку три, а најмногу пет члена кои ги именува, односно разрешува основачот.

За членови на органот за надзор на установата се именуваат лица кои немаат засновано работен однос во установата, имаат високо образование и поседуваат знаења и искуство особено од областа на дејноста што ја врши установата.

Органот за надзор во јавната установа е составен од три члена.

За член на органот за надзор во јавната установа може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста што ја врши јавната установа и

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 5 на овој член, членовите на органот за надзор на јавната установа треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:

- еден член треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење,

- еден член треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи и

- еден член треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавната установа, согласно со Националната класификација на дејностите, публикувана од страна на Државниот завод за статистика.

Во постапката за именување на членови на органот за надзор во јавната установа соодветно се применуваат одредбите од членовите 42-а и 42-б од овој закон, кои се однесуваат на постапката за именување на членови на орган на управување во јавна установа.

Претседателот и членовите на органот за надзор на јавната установа, за секоја седница на органот за надзор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето-плата на вработените во јавната установа исплатена во претходната година.

Висината на надоместокот од ставот 8 на овој член, со одлука го утврдува основачот на јавната установа.

Одредбите на членот 43 ставови 1 и 2 од овој закон, соодветно се применуваат и на членовите на органот за надзор на јавната установа.

**Заштита на правата на корисниците**

**Член 55**

За заштита на своите права корисниците на јавни услуги можат да формираат совет, одбор или друг вид тело.

Ако со законот со кој се уредува вршењето на дејноста се утврди обврска за формирање на тело согласно со ставот 1 на овој член, со законот се уредува начинот на неговото формирање и учеството во работата на установата.

**Заштита на јавниот интерес**

**Член 56**

Во случај на нарушување на работењето, односно вршењето на дејноста на установата или ако установата не ги извршува со закон утврдените обврски, а што не е последица на неизвршувањето на обврските од страна на основачот утврдени со актот за основање, основачот може да презема мерки со кои се обезбедуваат услови за непречено работење на установата.

**Член 57**

Нарушување на работењето на установата, во смисла на овој закон, се смета дека настапило:

1) ако со начинот на работење на установата не се обезбедува трајно и непречено вршење на дејноста и давање на услуги, или остварувањето на планот за развој, со што се нанесува или може да се нанесе штета на корисниците на јавни услуги;

2) ако со средствата за работа не се располага согласно со нивната основна намена со што се менуваат основните услови за работење на установата и се отежнува вршењето на дејноста за која е основана установата и

3) во други случаи утврдени со закон.

**Член 58**

Ако настане нарушување на работењето на установата, во смисла на членот 57 на овој закон, основачот може да ги преземе следниве мерки:

1) да го разреши директорот;

2) да го распушти органот на управување, односно да разреши одделни негови членови;

3) да го распушти органот за надзор, односно да разреши одделни негови членови;

4) да ја промени организацијата на установата;

5) да го запре од извршување актот на установата кој е спротивен на закон;

6) да го запре од извршување актот на установата со кој се доведува во прашање остварувањето на основните функции на установата и

7) други мерки утврдени со закон со кои се уредуваат условите и начинот на вршење на дејноста од јавен интерес.

Основачот на установата ќе ги преземе оние мерки за кои смета дека најбрзо и најефикасно ќе обезбедат непречено вршење на дејноста за што донесува одлука.

Против одлуката од ставот 2 на овој член може да се поднесе жалба во рок од седум дена од денот на приемот на одлуката, до основачот на установата. Жалбата не ја запира одлуката од извршување. Одлуката се применува од денот на нејзиното донесување и веднаш се запишува во регистарот.

Ако со одлуката се разрешува директорот, член на орган на управување или на надзор, односно распушта орган на управување или на надзор, основачот е должен да именува времен вршител на директор, односно нови членови на органот на управување или на надзор.

## Глава петта

## ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ НА УСТАНОВАТА, ФОРМИ НА СОРАБОТКА И ЗДРУЖУВАЊЕ

### Организациони единици

### Член 59

Установата може за вршење на дејноста, за вршење на одделни работи или за вршење на дејноста на определено подрачје, да основа организациони единици со права и обврски утврдени со актот за внатрешна организација во согласност со статутот на установата.

Со статутот на установата на организационите единици од ставот 1 на овој член можат да им се утврдат одделни овластувања во правниот промет, без својство на правно лице, кои ги вршат во име и за сметка на установата.

**Член 60**

Установата може да основа организациони единици како подружници.

Подружниците на установата немаат својство на правно лице, но можат да настапуваат во правниот промет во име и за сметка на установата. За обврските на подружницата неограничено одговара установата која ја основала.

Со подружницата раководи раководител што го именува директорот на установата.

Основањето на подружницата се запишува во Централниот регистар на Република Македонија.

Подружницата може да има и определени права во поглед на управувањето и работоводењето, во обем и под услови определни од основачот.

**Член 61**

Установата може за потребите на својата дејност, самостојно или со други правни и физички лица да основа трговско друштво за вршење на трговска дејност, во обем и само кога е таа наменета за вршење на дејноста за која установата е основана и во согласност со основачот, на начин утврден во актот за основање.

Потребите од ставот 1 на овој член установата може да ги остварува без основање на трговско друштво, врз основа на договор со правни и физички лица.

**Облици на соработка и здружување**

**Член 62**

Заради остварување на рационално вршење на дејноста, установите со согласност на основачот можат да организираат различни облици на заедничко вршење на одделни работи или остварување на институционална или друг вид на работа и соработка.

Работите што ги извршува обликот во кој се здружуваат установите се утврдуваат со спогодбата за здружување во согласност со закон.

Обликот во кој се здружуваат установите е правно лице, ако со спогодбата за здружување поинаку не е определено.

**Член 63**

Установите можат да се поврзуваат преку создавање на владејачка установа, поврзување на функциите или друго поврзување врз основа на закон.

Во случај на поврзување на установите, во смисла на ставот 1 од овој член, владејачката установа определена со актот за поврзување може да врши работи на развој и инвестирање, управување, маркетинг, научно-истражувачки и информациони работи.

Со актот за поврзување на установите можат да се утврдат и други работи од интерес за работата на групата установи.

## Глава шеста

## РАЗВОЈ, ФИНАНСИРАЊЕ, ВЛОЖУВАЊЕ И ИМОТ НА УСТАНОВАТА

### Развој на установите

**Член 64**

Собранието на Република Македонија, односно Владата на Република Македонија, советот на општината и Советот на градот Скопје заради заштита на јавниот интерес утврдуваат стратегија за остварување и развој на дејноста на установите (во натамошниот текст: стратегија за развој на дејноста).

Стратегијата за развој на соодветната дејност се остварува преку двогодишни програми за развој на дејноста што се донесуваат со годишната финансиска пресметка (план) на установата.

**Член 65**

Со програмата за развој на дејноста се утврдуваат: целите, правците на развој, изворот и обемот на средствата потребни за работа и развој на дејноста на установите, насоките во кои ќе се развива мрежата на установите, проекцијата на потребните профили, бројот на стручниот кадар, просторот и опремата и другите потреби за развој на дејноста, средствата потребни за поддржување на дејноста на приватните установи, кога нивната дејност е во интерес на остварувањето на јавниот интерес.

**Средства за работа на установите**

**Член 66**

Јавните установи стекнуваат средства за работа од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините, односно градот Скопје, од фондовите, непосредно од корисникот на јавните услуги, со продажба на услуги и производи на пазарот, камати, авторски права и патенти во сопственост на установата, легати, подароци, донации и од други извори на начинот и под условите утврдени со закон и актот за основање.

Со средствата стекнати од легати, подароци, завештанија и прилози, установата располага според намената на давателот.

Установите од ставот 1 на овој член можат да стекнуваат средства и од домашни и странски правни и физички лица.

Стекнатите средства од странски правни и физички лица имаат статус на странско вложување.

За вложените средства лицата од ставот 3 на овој член имаат погодности во согласност со закон.

За подарените средства од ставот 1 на овој член домашните и странските правни и физички лица можат да имаат даночни и царински погодности утврдени со закон.

**Член 67**

Јавна установа може да стекнува средства за работа и со воведување на надоместок и кофинансирање, односно со целосно или делумно плаќање на дополнителни услуги и трошоци на установата поврзани со овие услуги, ако не стекнува средства од редовно финансирање, на начин и под услови утврдени со закон.

Установата од ставот 1 на овој член може да воведе кофинансирање по барање на корисникот и за услугите кои под посебни услови и над утврдените стандарди ги дава установата.

**Член 68**

Приватна установа стекнува средства со наплаќање непосредно од корисникот на јавната услуга, од фондови или со продажба на стоки и услуги на пазарот, камати и дивиденди на пласирани средства, авторски права, патенти, подароци, донации, легати, завештанија, прилози и од други извори определени со закон, на начин и под услови утврдени со закон и актот за основање.

Со средствата стекнати од легати, подароци, завештанија и прилози, установата од ставот 1 на овој член располага според намената на давателот.

**Член 69**

Цените на услугите и другите видови надоместоци за услугите се утврдуваат врз основа на критериуми, нормативи и стандарди на начин и во постапка утврдени со закон.

Цените и другите надоместоци од ставот 1 на овој член можат да се определат диференцирано врз основа на категории на корисници на јавни услуги во согласност со закон.

Цените и другите надоместоци за определена категорија на граѓани утврдена со закон можат да се субвенционираат.

Со актот со кој во согласност со закон цените и надоместоците се определуваат диференцирано, односно се субвенционираат за одделни категории корисници на јавни услуги, се определуваат и висината и изворот на субвенциите.

Актот од ставот 4 на овој член се објавува во службено гласило во кое според закон, односно статутот на установата, установата врши објавување.

**Член 70**

Средства за инвестициона изградба на објекти и инсталации (опрема), наменети за вршење на дејноста на установата можат да се стекнат и од средства вложени од странски правни и физички лица, како и од средства од меѓународни кредити, во согласност со закон.

**Член 71**

Финансиските средства за работа на установата кои се формираат според цените на услугите, обемот на извршената дејност, мерилата, критериумите, нормативите и стандардите според кои се финансира дејноста на установата, спроведувањето на посебни програми, набавката на опремата и другите средства за вршење на дејноста, бројот на потребните вработени, како и други прашања кои се од значење за вршење на дејноста на установата, се уредуваат со договор, ако со закон поинаку не е уредено.

Договорот од ставот 1 на овој член го склучува основачот, односно фондот и директорот на установата, врз основа на претходна согласност од органот на управување на установата.

**Член 72**

Установата одговара за своите обврски со средствата со кои располага.

Основачот на јавната установа одговара за обврските на установата неограничено, а основачот на приватна, односно мешовита установа одговора сразмерно на основачкиот влог на начин и под услови утврдени во договорот за заедничко основање на установата.

**Член 73**

Вишокот на средства остварен од работењето на установата му припаѓаат на основачот.

Основачот може, ако не постојат посебни причини, вишокот на средствата остварен од работењето на установата да го вложи наменски во установата што го создала.

Основачот на установата е одговорен за покривање на загубите на установата.

Ако установата е основана од двајца или повеќе соосновачи начинот на покривањето на загубите на установата се утврдува во договорот за заедничко основање на установата.

**Член 74**

Установата одговара за штетата што во вршењето на дејноста од јавен интерес, ќе им ја причинат вработените на установата на корисниците на јавни услуги, односно на другите физички и правни лица.

Установата одговора и за штетата што ќе настане спрема корисниците на јавните услуги и спрема други физички и правни лица, поради штрајк на вработените. За времетраењето на штрајкот, надлежното министерство може на сметка на установата да обезбеди извршување на дејноста на начин што го смета за најсоодветен.

**Имот на установата**

**Член 75**

Имотот на установата го сочинуваат недвижниот имот и другите средства на установата, освен средствата стекнати од легати, наменски прилози, подароци и завештанија.

Јавните установи самостојно управуваат со имотот и ги користат предметите, финансиските средства и другите материјални права потребни за вршење на дејноста, под услови и на начин определени со закон.

**Член 76**

Недвижниот имот и другите средства на приватната установа се во сопственост на основачот.

Недвижниот имот и другите средства од ставот 1 на овој член се даваат на користење и располагање на приватната установа.

Приватната установа самостојно управува со имотот и ги користи предметите, финансиските средства и другите материјални права заради вршење на дејноста.

**Член 77**

Ако приватна установа престане со стечај, недвижностите и другиот имот од членот 68 став 2 на овој закон новиот сопственик не може да им ја измени намената која тие ја имале со актот со кој се

дадени во завештание или подарок и има обврска да ги користи исклучително според намената што ја определил донаторот, во согласност со закон.

### Член 78

Кога јавна установа ќе престане со работа, имотот, средствата и приходите што остануваат по исполнувањето на обврските му припаѓаат на основачот.

Кога приватна или мешовита установа престане со работа, имотот, средствата и приходите што остануваат по исполнувањето на обврските, им припаѓаат сразмерно на секој од основачите.

Имотот, средствата и приходите што остануваат по намирување на обврските, а кои установата ги стекнала со донација, му припаѓаат на донаторот под услови утврдени со закон, статутот на установата и актот за донација.

## Вложување на капитал во установата

### Член 79

Во установа може да се вложи капитал, ако со закон поинаку не е определено.

Вложувач може да биде секое домашно и странско правно и физичко лице со средства во сите видови на сопственост.

За вложен капитал се сметаат парични средства, предмети (опрема и слично), софтвер и хартии од вредност и други вложувања, на кои може да се процени нивната вредност, освен жив труд.

### Член 80

Органот на управување на установата донесува одлука за вложување на капиталот од членот 79 на овој закон, на начин и под услови утврдени со закон и актот за основање.

На одлуката од ставот 1 на овој член согласност дава основачот.

**Член 81**

Вложувачот и установата склучуваат договор за вложување на капитал.

Договорот од ставот 1 на овој член се склучува во писмена форма и особено содржи одредби за:

1) видот и висината на вложениот капитал;

2) формите и начинот на вложување;

3) намената на вложувањето;

4) времето за кое се вложува капиталот;

5) начинот за враќање или откуп на вложениот капитал;

6) правата и обврските по однос на објектите изградени со вложените средства;

7) правата и обврските на вложувачот по однос на вложениот капитал и управувањето;

8) правата и обврските на вложувачот по однос на користењето и располагањето со вложениот капитал и

9) причините за раскинување на договорот, како и правата, обврските и одговорностите на странките од договорот.

## Глава седма

## ВРАБОТЕНИ ВО УСТАНОВАТА

### Права и должности на вработените

**Член 82**

Вработените во установата правата и обврските од работниот однос ги остваруваат согласно со Законот за работните односи и колективен договор, освен ако со овој и друг закон поинаку не е уредено.

Со законот со кој се уредуваат условите и начинот на вршење на дејноста од јавен интерес, може да се пропише дека вработените во установата правата и обврските од работниот однос ги остваруваат согласно со Законот за државните службеници и колективен договор.

**Штрајк**

**Член 83**

Ако синдикатот, односно вработените во установата одлучат да го користат правото на штрајк, најдоцна седум дена пред денот кога имаат намера да најават штрајк, треба на директорот на установата да му достават писмено предупредување во кое синдикатот, односно штрајкувачкиот одбор ќе ги изнесе причините за намерата да се организира штрајк.

Штрајкувачкиот одбор, претставниците на органот на управување и директорот се должни по предупредувањето од ставот 1 на овој член да понудат предлог за решавање на спорот и со тој предлог да ги запознаат вработените и јавноста.

Ако не се постигне согласност во рок од седум дена од денот на предупредувањето од ставовите 1 и 2 на овој член синдикатот, односно штрајкувачкиот одбор ако донесат одлука да стапат во штрајк, е должен да ја достави одлуката за стапување во штрајк до директорот на установата најмалку седум дена пред отпочнувањето на штрајкот. Во одлуката се наведува местото, датата, часот и траењето на штрајкот. Кон одлуката задолжително се приложува и изјава за начинот на обезбедувањето на условите на работа на установата.

Доставувањето на одлуката за стапување во штрајк не ги запира преговорите за решавање на спорот.

**Член 84**

Штрајкувачкиот одбор и вработените кои учествуваат во штрајкот во установата, се должни штрајкот да го организираат и да го водат на начин и да преземат мерки со кои ќе обезбедат физичка сигурност на вработените и заштита на објектот и опремата, како и извршување на обврските спрема граѓаните, правните лица и државните органи и само под услов да се обезбеди:

- неопходното ниво на процесот на работата со кое нема да се загрози животот, здравјето и економската и социјалната сигурност на граѓаните и неопходното одвивање на животот во земјата, во обем и на начинот утврдени со закон од соодветната дејност од јавен интерес и

- извршување на меѓународни договори.

Штрајкувачкиот одбор е должен за време на штрајкот да соработува со директорот на установата заради обезбедување на условите утврдени со овој и друг закон.

**Член 85**

Во случај на штрајк во установата, времето на започнување и запирање на работењето не може да биде различно за одделни категории на вработени, ниту за одделни лица меѓу вработените, ако тоа би предизвикало невозможност за вршењето на дејноста на установата.

Забрането е сукцесивно распоредување на запирањето или сменувањето на различни групи на вработени или делови од установата, ако тоа би предизвикало невозможност за вршењето на дејноста на установата.

Штрајкувачкиот одбор и вработените кои учествуваат во штрајкот во установата, не можат да ги спречуваат вработените кои согласно со овој и друг закон не можат да учествуваат, односно вработените кои не сакаат да учествуваат во штрајкот, да работат.

Непочитувањето на одредбите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член се смета за потешка повреда на работната дисциплина.

**Член 86**

Основачот утврдува кои раководни и стручни лица од кои зависи вршењето на јавната услуга и кои се од незаменливо значење за одвивање на дејноста на установата, со оглед на местото во водењето на работите на установата, не можат да учествуваат во штрајк и пропишува кои се нивните обврски, односно како тие мора да постапуваат во случај на штрајк во установата.

Со прописот од ставот 1 на овој член може да се утврдат работните места и начинот на извршувањето на работите и задачите на работните места од кои зависи вршењето на дејноста од јавен интерес и од кои може да се загрози сигурноста на луѓето, објектите, инсталациите и опремата и кога вработените не можат да ја запрат работата без предупредувањето дадено во рокот утврден со овој закон.

Основачот може заради спречување на запирањето на работата во установата што може да го загрози здравјето и сигурноста на граѓаните и корисниците на јавните услуги, објектите, инсталациите и опремата, да преземе мерки на индивидуална или групна мобилизација на вработените.

Вработениот кој нема да постапи во согласност со наредбата за мобилизација се смета дека сторил потешка повреда на работната дисциплина.

**Член 87**

Објектите и административните простории на установата треба да им бидат достапни за непречено располагање на лицата кои го обезбедуваат работењето на установата.

Ако вработените спротивно на овој закон ги запоседнале и се задржуваат во објектите и административните простории на установата, директорот на установата е должен да преземе мерки заради нивно отстранување.

## Глава осма

## НАДЗОР

**Член 88**

Надзор над законитоста на работата и на актите на установата, врши надлежното министерство.

**Член 89**

Ако општиот акт на установата не е во согласност со Уставот или со закон, надлежниот министер има право да го запре неговото извршување и е должен да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на запрениот акт пред Уставниот суд на Република Македонија.

Надлежниот министер пред да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на општиот акт ќе донесе решение за запирање на актот од извршување за што ќе ја извести установата и ќе и укаже да ја отстрани незаконитоста во рок од 30 дена од денот на доставување на решението за запирање. Ако установата, во овој рок, не постапи според решението за запирање на актот, надлежниот министер, во рок од осум дена од денот на истекот на рокот од 30 дена, поведува постапка за оценување на уставноста и законитоста на запрениот акт пред Уставниот суд на Република Македонија.

Ако постапката за оценување на уставноста и законитоста не биде поведена во рокот од ставот 2 на овој член, престанува важноста на решението за запирање на актот од извршување и запрениот акт станува извршен.

**Член 90**

Надзор над материјално-финансиското работење на јавните установи врши Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија.

**Член 91**

Надзор над стручната работа на установата врши надлежниот орган определен со закон.

Надзорот над стручната работа и евалуцијата на работењето се врши врз основа на научни и стручни методолгии и стандарди.

## Глава деветта

## СОПСТВЕНИЧКА ТРАНСФОРМАЦИЈА

### Општи одредби за сопственичка трансформација

#### Член 92

Владата на Република Македонија, врз основа на закон со кој се утврдува вршење на дејноста во образованието, науката, културата, здравството, социјалната заштита, детската заштита, заштитата на лица со интелектуална или телесна попреченост, како и во други дејности кои со закон се утврдени како јавна услуга, на предлог на надлежниот министер, со одлука ги утврдува јавните установи за кои Република Македонија ги има, односно ги презема сопственичките права.

Владата на Република Македонија, врз основа на законот од ставот 1 на овој член, на предлог на надлежниот министер, со одлука ги утврдува јавните установи за кои општината, односно градот Скопје ги презема управувачките права и кои ќе имаат статус на јавни установи на општината, односно на градот Скопје.

#### Член 93

Сопственичка трансформација (во натамошниот текст: приватизација) согласно со овој закон, се врши на установи основани со општествен или државен капитал, организациите на здружениот труд или другите организации кои вршат дејност во областа на образованието, науката, културата, здравството, социјалната заштита, детската заштита и заштитата на лица со интелектуална или телесна попреченост и за кои со закон и со одлука е утврдено дека вршат работи и дејности од посебен јавен интерес, односно јавна услуга, а не се организирани како трговско друштво (во натамошниот текст: субјекти на приватизација) и за кои не е утврден статусот на јавна установа согласно со членот 92 од овој закон.

Приватизација според овој закон се врши и на дел од просторот, опремата и другите средства на јавни установи (во натамошниот текст: приватизација на ствари).

Владата на Република Македонија, на предлог на надлежниот министер, ја утврдува приватизацијата на ствари.

Од приватизација се исклучени подароците, донациите, легатите, завештанијата и другиот имот и средства кои се под посебен правен или договорен режим.

**Член 94**

Одредбите од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал што се однесуваат на изземање од стекнување на сопственички права врз добрата во општа употреба, како и предмети и објекти од особено културно и историско значење, кои со закон се определени како добра од општ интерес за Република Македонија и уживаат посебна заштита, на изземањето од приватизација на градежното и земјоделското земјиште и на правото на неговото користење и управување, за методологијата за процена, на субјектот на приватизација, односно стварите што се приватизираат, за трошоците на постапката за приватизација, начинот на плаќањето и правото на вработените на купување под повластени услови, соодветно се применуваат и на приватизацијата утврдена со овој закон.

**Член 95**

Организирањето и контролата на приватизацијата ја врши Одбор за сопственичка трансформација на јавните служби на Република Македонија (во натамошниот текст: Одбор за приватизација) кој го сочинуваат министрите од надлежните министерства. Одборот за приватизација се формира во Владата на Република Македонија. Во работата на Одборот за приватизација учествува и претставник на мнозинскиот синдикат, но без право на одлучување.

Претседател на Одборот за приватизација е еден од потпретседателите на претседателот на Владата на Република Македонија.

Организационите и другите стручни работи за приватизацијата ги врши Министерството за економија.

Одборот за приватизација може да го овласти Министерството за економија да врши работи кои се во негова надлежност.

Надлежноста, организацијата и работата на Одборот за приватизација и работите што ќе ги врши Министерството за економија се уредуваат со одлука која ја донесува Владата на Република Македонија.

## Начини на приватизација

### Член 96

Приватизација се врши со:

1) трансформација на јавна установа во приватна установа;

2) трансформација на јавна установа во друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво;

3) организирање на делови на јавна установа во кои се вршат трговски дејности во акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност;

4) продажба на удел во мешовита установа;

5) продажба на дел од простор или опрема на јавна установа и

6) друг начин утврден со закон.

### Член 97

Во приватизацијата на субјектите на приватизација од членот 93 на овој закон можат да учествуваат домашни и странски правни и физички лица, на начин и под услови утврдени со овој закон и законот со кој се уредува вршењето на одделна јавна услуга.

Вработените кои ја вршат дејноста кај субјектот на приватизација имаат право на купување на удел во установата под повластени услови.

Во постапка на приватизација при изборот на најповолен понудувач преку јавен повик соодветно се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки со кои се уредува отворениот повик и начинот на доставувањето на понудите.

**Член 98**

Одлука за приватизација донесува Владата на Република Македонија на предлог на надлежниот министер.

Предлогот од ставот 1 на овој член, надлежниот министер го доставува до Одборот за приватизација од членот 95 на овој закон.

Кон одлуката се приложува:

- програма за начинот на остварување на приватизација;

- извештај за извршена ревизија на годишната пресметка од страна на државната ревизија;

- извештај за проценетата вредност на субјектот на приватизација;

- извод од регистарот и

- податоци и докази за правото на сопственост, располагање, користење и управување со недвижностите.

Одборот за приватизација дава стручни упатства до надлежните министерства за подготвување на програма за начинот на остварување на приватизацијата и за содржината на извештајот за проценетата вредност на субјектот на приватизација.

**1. Трансформација на јавна установа во приватна установа**

**Член 99**

При трансформација на јавна установа во приватна установа откупот на установата што се приватизира најпрвин им се понудува на вработените во установата.

Вработените можат откупот да го извршат ако ја откупат проценетата вредност на установата што се приватизира, на начин и под услови утврдени со одлуката за приватизација.

Право да купуваат удели во установата што се приватизира имаат сите вработени во установата под еднакви услови, а пензионираните вработени под услови и на начин утврден со закон кој ја уредува соодветната дејност.

Ако вработените одбијат да го искористат правото на предимство при откупот од ставот 1 на овој член, надлежното министерство објавува отворен повик за избор на најповолен понудувач.

**Член 100**

Вработените кои согласно со овој закон ќе купат удели во установата што се приватизира, како соосновачи на установата склучуваат договор за заедничко основање на установа со кој ги уредуваат меѓусебните односи, права, обврски и правото на располагање со уделите во установата.

## 2. Трансформација на јавна установа во друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво

**Член 101**

Кога јавна установа, без ликвидација, согласно со овој закон, се трансформира во друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво, истовремено со трансформацијата може да се спроведе и постапка на приватизација.

На трансформацијата на јавната установа во друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво во приватна сопственост се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва.

## 3. Организирање на делови на јавна установа во акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност

**Член 102**

Дел од имотот и средствата, заедно со вработените кои вршат финансиски, книговодствено-сметководствени, правни, административно-технички и други помошни работи или вршат друга трговска дејност, можат да се организираат во друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво и истовремено да се спроведе и постапката на нивна приватизација.

За имотот и средствата на јавната установа од ставот 1 на овој член се врши процена на вредноста. Процената ја врши овластен проценител, според методолгија за процена утврдена со закон.

## 4. Продажба на удел во мешовита установа

**Член 103**

Кога сооснован на мешовита установа чиј основачки влог се средства во државна сопственост, односно средства во сопственост на општината или градот Скопје утврди дека престанал неговиот интерес да биде сооснован на установата, може својот удел во установата да го продаде на другите сооснивачи на установата.

Ако сооснивачите одбијат да го купат уделот во установата се спроведува отворен повик за избор на најповолен понудувач, согласно овој и друг закон.

Сооснивачот од ставот 1 на овој член за продажбата на својот удел во установата донесува одлука.

## 5. Продажба на дел од простор или опрема на јавна установа

**Член 104**

Основач на јавна установа може да продаде дел од просторот, опремата и други ствари и имот кои се погодни за вршење на јавна услуга на домашни и странски правни и физички лица кои ги исполнуваат условите утврдени во овој закон и законот со кој се уредува вршење на јавната услуга.

**Член 105**

При продажбата на дел од просторот, опремата и други ствари и имот кои се погодни за вршење на јавна услуга соодветно се применуваат одредбите од членовите 108, 109 и 110 на овој закон.

**Член 106**

Со денот на влегувањето во сила на договорот за продажба, на вработените во јавната установата им престанува работниот однос.

Со договорот за продажба се утврдува обврска купувачот да ги преземе вработените од јавната установа на кои им престанал работниот однос и со нив да заснова работен однос на неопределено време.

Засновањето на работниот однос се врши со преземање.

На вработените кои се преземени согласно со ставовите 2 и 3 на овој член не може да им престане работниот однос врз основа на технолошки вишок во следните пет години од денот на преземањето.

**Закуп**

**Член 107**

Под закуп можат да се издадат објекти и опрема кои претставуваат организациони целини (организациони единици, делови и слично) во кои согласно со закон може да се врши јавна услуга.

Под закуп може да се издаде деловен простор во кој вработените вршат финансиски, книговодствено-сметководствени, правни, административно-технички и други помошни работи.

**Член 108**

Закупци можат да бидат домашни и странски правни и физички лица кои ги исполнуваат условите утврдени со закон со кој се уредува вршењето на дејноста.

При издавањето на јавната установа под закуп, правото на закуп најпрвин им се понудува на вработените во установата.

Правото на закуп го имаат сите вработени во установата под еднакви услови.

Ако вработените одбијат да го искористат правото на предимство на закуп од ставот 2 на овој член, надлежното министерство објавува отворен повик за избор на најповолен понудувач.

**Член 109**

Договорот за закуп се склучува во писмена форма со кој поблиску се уредуваат меѓусебните права и обврски.

Ако закупецот не е установа, тогаш закупецот е должен, во рокот определен со договорот за закуп, да основа приватна установа.

Ако закупецот во рокот определен со договорот за закуп не ја основа приватната установа, договорот за закуп се раскинува по сила на закон.

**Член 110**

Закупецот е должен да обезбеди континуирано вршење на јавната услуга, самостојно или со други јавни установи.

Закупецот не може да ја промени дејноста која се вршела во делот од јавната установа или со средствата на јавната установа што се предмет на закупот, ниту да го издава предметот на закуп во подзакуп без согласност на надлежното министерство.

Ако закупецот ја промени дејноста или не обезбеди континуирано вршење на јавната услуга или предметот на закуп го издаде во подзакуп без согласност на надлежното министерство, надлежното министерство ќе го раскине договорот за закуп и ќе донесе решение за одземање на дозволата согласно со членот 38 на овој закон.

**Член 111**

Закупецот е должен да ги преземе вработените од јавната установа која се издава под закуп и за времетраењето на закупот на вработените не може да им престане работниот однос врз основа на технолошки вишок.

**Член 112**

Закупецот е должен да плаќа закупнина која е приход на надлежното министерство, со намена за тековно и инвестиционо одржување на објектите и опремата.

Надлежното министерство врз основа на единствени критериуми поблиску го пропишува начинот на издавањето под закуп и висината на закупот.

## Глава десетта

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДИ

**Член 113**

Установите и организациите на здружениот труд кои досега не се трансформирале се должни да ја усогласат својата работа и актите со овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон, а кога е тоа поврзано со усогласување со законот со кој е уредено вршењето на одделна јавна услуга во рокот определен со тој закон.

**Член 114**

Установите и организациите на здружен труд од членот 113 на овој закон се должни сметано од 1 април 2006 година до 30 септември 2006 година да ги поднесат усогласените акти и да поднесат пријави за упис во регистарот на други правни лица во Централниот регистар на Република Македонија.

Уписот во регистарот од ставот 1 на овој член, се врши според Правилникот за обрасци кој го донесува министерот за економија.

**Член 115**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за здружен труд (Службен лист на СФРЈ број 77/88, 40/89 и 46/90).

**Член 116**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

## ВАЖЕЧКИ ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ ОД НОВЕЛИТЕ НА ЗАКОНОТ

I. „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22

**Член 5**

Постапките за именување на членови на органите на управување и органите за надзор на јавните установи, започнати до денот на започнување со примена на овој закон, ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 6**

Членовите на органите на управување и на органите за надзор на јавните установи, именувани до денот на започнување со примена на овој закон, продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

**Член 7**

Законите, одлуките, подзаконските акти, како и статутите на јавните установи, ќе се усогласат со овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.